# Информација за состојбата со акредитација на мерките од ИПАРД III Програмата

*Март2023*

1. *Акредитација на мерките од ИПАРД III Програмата*

Преминот кон ИПАРД 3 ќе ги опфати веќе акредитирани мерки 1, 3, 7 и 9.

Акредитација на нови мерки ќе се спроведе во подоцнежна фаза по исполнување на бараните услови.

Управувачката структура изготви Акциски план за воспоставување на систем за индиректно управување од страна на Република Северна Македонија со ИПА средствата согласно барањата од Регулативата за имплементација на Инструментот за претпристапна помош (ИПА 3) за ИПАРД Програмата 2021-2027. Акцискиот план е во тесна корелација со усвојувањето/ратификувањето на Рамковната спогодба за финансиско партнерствопомеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија(FFPA) и Секторска спогодба.

Процесот на имплементација на Акциониот план е под координација на НАО/Управувачката Структура и редовно се следи од сите структури.

Програмата IPARD 2021-2027 е усвоена на 09.03.2022 година C(2022)1538.

Секторскиот спогодба за ИПАРД 3 (Ref.Ares(2023)162333) е потпишан од двете страни заклучно со 10.01. 2023 година и со усно се известува дека 15 февруари 2023 година е датумот на влегување во сила на Секторската спогодба.

Според Упатството во врска сопостапката на доделување на правото за управување со буџетот за ИПАРД 3 од страна на Комисијата, барањето за доделување може официјално да се поднесе до ЕК откако ќе заврши процесот на ратификација на Секторската спогодба.

Индикативен период за доставување барање за доделување право со индиректно управување е до крајот на Март 2023 доколку сите предуслови од исполнување на правната рамка и функционалноста на САП системот се обезбедени.